Влада на Република Северна Македонија

Бр.4401-17/29

З А П И С Н И К
од Дваесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 26 март 2020 година

**Скопје, март 2020 година**

**З А П И С Н И К**

**од Дваесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 март 2020 година**

Седницата започна во 15:20 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска - Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Цемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваше и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, како и Кирил Партанов, државен секретар во Министерството за локална самоуправа.

На седницата присуствуваа и Муамед Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- Информација за извршени инспекциски надзори согласно Заклучок на Владата од седницата, одржана на 13.3.2020 година, со Извештај за 24 и 25.3.2020 година - сумарен

1. Записник од Единаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 26 март 2020 година

2. Информација за потреба од донесување на одлука за реализација на предложено решение за поврат на двојно платена акциза од страна на ЈСП „Скопје"

3. Предлог - одлуки за давање согласност на решенија за отстапување на одземени предмети (разна стока) во управна и прекршочна постапка

4. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа за време на вонредна состојба

5. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за данокот на додадена вредност за време на вонредна состојба

6. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за земјоделско земјиште за време на вонредна состојба

7. Предлог - одлука за дополнување на Одлуката за укинување на увозната давачка - царинската стапка за потрошен медицински материјал

8. Предлог - уредба со законска сила за роковите во судските постапки за време на вонредната состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства

9. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за заштита и спасување за време на вонредна состојба

10. Кадровски прашања

11. Прашања и предлози

*

*   *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

**Информација за извршени инспекциски надзори согласно Заклучок на Владата од седницата, одржана на 13.3.2020 година, со Извештај за 24 и 25.3.2020 година – сумарен**

Владата ја разгледа Информацијата за извршени инспекциски надзори согласно Заклучок на Владата од седницата, одржана на 13.3.2020 година, со Извештај за 24 и 25.3.2020 година – сумарен и Извештај за 26.3.2020 година-сумарен (преземени и планирани активности), како материјал за информирање.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата го разгледа Записникот од Единаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 26 март 2020 година и истиот го усвои со заклучок во точката број 1, задолжувањето под реден број 8 од Записникот, да изостане.

Истовремено, согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, го усвои следниот заклучок:

1. Во врска со Заклучокот по точка 1., под реден број 3 од Извадокот од Нацрт – записникот од Дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна

Македонија одржана на 25 март 2020 година, во делот на исклучувањето на земјоделците од сите донесени одлуки, заклучоци, мерки и препораки на Владата, се допрецизира дека истиот се однесува на земјоделците што одгледуваат раноградинарски култури и имаат неодложни активности за одгледување на истите во овој период.

Дополнително, оние земјоделци, фармери, сточари и други земјоделски работници кои преку подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе се пријават за добивање на дозволи за движење, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство преку Министерството за информатичко општество и администрација истите да ги издаде.

За ова, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство соодветно да го информира земјоделскиот сектор.

## Точка 2

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потреба од донесување на одлука за реализација на предложено решение за поврат на двојно платена акциза од страна на ЈСП – Скопје, за втората наредна седница на Владата поради потребата  во рок од седум дена Министерството за финансии да одржи состанок со Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, Министерството за економија-Сектор за енергетика, Царинската управа и Јавното сообраќајно претпријатие-Скопје со цел решавање на ова прашање.

## Точка 3

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Министерство за финансии-Царинска управа, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи, во предложениот текст.

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Прилеп, во предложениот текст.

## Точка 4

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-уредбата со законска сила за примена на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа за време на вонредна состојба, поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот со Министерството за локална самоуправа.

**Точка 5**

Владата на барање на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на додадена вредност за време на вонредна состојба, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Предлог - уредбата со законска сила за примена на Законот за земјоделското земјиште за време на вонредна состојба и ја донесе Уредбата со заклучок Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го усогласи текстот на Уредбата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за укинување на увозната давачка-царинската стапка за потрошен медицински материјал, со заклучок, текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 8**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-уредбата со законска сила за роковите во судските постапки за време на вонредната состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства.

**Точка 9**

Владата ја симна од Дневниот ред Предлог-уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита и спасување за време на вонредна состојба, поради потребата Предлог-уредбата да биде доставена преку Министерството за одбрана.

**Точка 10**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 11**

1. Владата на предлог на д-р Рената Дескоска, министер за правда заклучи Уредбата со законска сила за примената на Законот за извршување за време на вонредната состојба да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и да стапи во сила на 1 април 2020 година.

**2.** Во насока на обезбедување сеопфатен и координиран пристап во идентификување и пренасочување на достапната билатерална помош за активностите за спречување на COVID-19, се задолжуваат сите органи на државна управа кои добиваат помош од билатерални донатори итно да го известат Секретаријатот за европски прашања за висината на средствата кои стојат на располагање за секој од проектите.

Информациите да се доставуваат до државниот секретар во Секретаријатот за европски прашања, Калинка Габер и раководителот на сектор Арлинда Беќири. Секретаријатот за европски прашања потоа, да достави формално барање до билатералните донатори за пренамена на средствата за справување со COVID-19, согласно утврдените приоритетни потреби.

**3.** Министерот за образование и наука, д-р Арбер Адеми ги информираше членовите на Владата дека на Македонската радио телевизија е започнато емитувањето на Националната-веб платформа за далечинско учење (е-настава) од дома за сите ученици во основно и средно образование.

За таа цел се задолжени сите основни и средни училишта, но и високообразовни установи и научно јавни институции да ја организираат наставата - учење од далечина, согласно донесените уредби.

Исто така, министерот истакна дека во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација се разгледува можноста за изнаоѓање соодветно решение за учениците кои немаат пристап до интернет и кои немаат персонални компјутери за следење на наставата.

*

*　　*

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:55 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| --- | --- |
| **д-р Драги Рашковски** | **Оливер Спасовски** |